РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

09 - 1135/5
26 -05- 2022

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 68 – та седница, одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

Одлука

Постапката по предметот бр. 09-1135/1 од 11.03.2021 година, оформен по доставена пријава од познат подносител против службеното лице ------, заменик министер за ------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, констатирана е повреда на одредбите од ЗСКСИ и по доставен Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог до лицето ---------, ДКСК утврди нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

До Државната комисија доставена е претставка од познат подносител против службеното лице ---------, заменик министер за ---------- со наводи дека здружение што е во негова сопственост има добиено финансиска помош од страна на Министерството за култура, по што Државната комисија оформи предмет со бр. 09-1135/1 од 11.03.2021 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до Министерството за култура со Барање за доставување на податоци и информации со бр.09-1135/2 од 24.08.2021 година и до Барање за дополнителни податоци со бр. 09-1135/4 од 22.12.2021 година, по што по добиена документација од страна на оваа институција ДКСК го утврди следното:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Лицето -------- е именуван за заменик министер ------- со Одлука од СРМ со бр. 08-3106/1 од 23.09.2020 година и Одлука од СРМ со бр. 08-699/1 од 10.02.2022 година.

Потпишан е договор за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на фолклорната и сценско-уметничка дејност за 2021 година помеѓу Министерството за култура и Здружение на граѓани -------, застапувано од --------, претседател, со бр. 20-9579/1 од 26.07.2021 година. Договорот е потпишан во време кога лицето --------- ја извршува функцијата заменик министер ----------.

Видено од Тековната состојба на наведеното здружение, лицето ------- е овластено лице/претседател. Истиот е син на ----------, заменик министер --------, видено од поднесениот образец Изјава за интереси од негова страна со бр. 09-1822/1 од 17.02.2022 година.

При ваква фактичка состојба, Државната комисија утврди дека лицето -------, заменик министер ----------- го прекршил членот 52 од ЗСКСИ по што до него беше доставен Записник со прекршочен платен налог поради прекршување на наведените одредби од ЗСКСИ, кој во законски предвидениот рок изврши уплата на половина од изречената глоба и ја извести повратно ДКСК за истото.

ДКСК на 68 - та седница утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, блиско лице (син) на лицето -----------, заменик министер ----------- спротивно од член 52 од ЗСКСИ склучил договор за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на фолклорната и сценско-уметничка дејност за 2021 година, по што по доставен прекршочен платен налог од службеното лице, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: м-р Ш.С , член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk